**Јавен повик за идентификување на заинтересирани даватели на социјални услуги**

Општина Битола согласно **„Проектот за подобрување на социјалните услуги"** на Министерството за труд и социјална политика финансиран со средства од заем на Светска Банка распишува **јавен повик за сите заинтересирани даватели на социлајни услуги кои ќе го изразат својот интерес да бидат партнери на општината.**

Една од главните цели на проектот е развој и подобрување на квалитетот на социјалните услуги на локалната заедница, согласно потребите на граѓаните и зголемување на пристапот до социјалните услуги наменети за ранливите групи на граѓани, постарите лица, лицата со попреченост и други лица.

Општината ќе може да аплицира грантови наменети за проекти за развој на социјалните услуги во локалната заедница, вклучувајќи непосредна социјална услуга, помош на индивидуа или семејство, домашна нега, лична асистенција, дневна нега, привремена грижа, мали групни домови, дневни центри и услуги за живеење со поддршка и други иновативни услуги во заедницата.

Во рамките на проектот обебедена е техничка помош за општините за проценка на потребите и побарувањата за социјалните услуги на локално ниво во период додека трае повикот за изразување на интерес.

**Ги повикуваме сите заинтересирани даватели на социјални услуги на заеднички состанок на 27 септември 2019 ( петок) во 12 часот во Сала за состаноци во Општина Битола III кат за дефинирање на приоритетите на општината и согласно тоа аплицирање за грант за развој на социјалните услуги.**

Повеќе информации кај м-р Виолета Налевска, советник економски развој , 071-222-839, e-mail:viki.nalevska@bitola.gov.mk

**Градоначалник**
**м-р Наташа Петровска**